Образец бр.1

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА |
| Министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА |
| Лице за контакт: | **Шпетим Нуредини, државен советник за енергетика и минерални суровини** |
| Очекуван датум за усвојување на предлогот: | 30.09.2010 |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои се главните проблеми? Дали тие може задоволително да се решат само со регулаторни мерки?**

Основниот проблем во врска со енергетскиот систем во Република Македонија е неадекватна правна рамка за негово функционирање. Имено, целите на енергетската политика и нивното остварување; енергетските дејности и начинот на нивно регулирање; изградбата на енергетските објекти; статусот и надлежноста на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија; пазарот на електрична енергија, пазарот на природен гас, пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и пазарот на топлинска енергија; условите за остварување на енергетска ефикасност и промоција на користењето на обновливите извори на енергија како и многу други прашања кои се од значење за енергетиката сеуште не се адекватно уредени со законски норми кои се прилагодени на стопанството на Република Македонија

Исто така, Република Македонија има генерална обврска која произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација за прилагодување на националното законодавство со Европското acquis, а во потесна смисла и со Договорот за основање на енергетска заедница, согласно кои Република Македонија има обврска да создаде правна и регулаторна рамка во делот на енергетиката, која согласно принципите на ЕУ, треба да овозможи интеграција на македонскиот пазар на енергија со регионалните пазари на енергија и понатаму во единствениот пазар на енергија на Европската унија.

2. **Кои се главните цели на предлогот за донесување на закон?**

Целта на предлогот на законското решение во крајна линија е да се обезбеди сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација,

објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори; зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од обласга на енергетиката.

3. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Ако се имаат во предвид главните проблеми наведени погоре, сосема е извесно дека само со уредување на правната рамка и тоа со донесување на нов закон за енергетика претставува единствено решение за постигнување на целта на усогласување на националното законодавство во предметната област, односно пренос на одредбите од Директивите и Регулативите на ЕУ во националниот правен систем, интеграција со пазарите на енергија во регионото и со ЕУ и конечно адекватно уредување на економските односи поврзани со енергетиката во Република Македонија.
ВО однос на обврската за прилагодување со законодавството на Република Македонија со законот е потребно да се изврши најмалку транспонирање на следните акти на ЕУ:

- Директива 2003/54/ЕС за заедничките правила за внатрешниот пазар на електрична енергија,
- Директива 2003/55/ЕС за заедничките правила за внатрешниот пазар на природен гас,
- Директива 2005/89/ЕС за мерките за обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија и инфраструктурни инвестиции,
- Директива 2004/67/ЕС за мерките за обезбедување сигурност во снабдувањето со природен гас,
- Регулатива (ЕС) 1228/2003 за условите за пристап на мрежи за прекугранична размена на електрична енергија,
- Регулатива (ЕС) 1775/2005 за условите за пристап на мрежи за пренос на природен гас,
- Директива (ЕС) 2001/77 за електрична енергија произведена од обновливи извори.
- Директивата 2006/32/ЕС за енергетска ефикасност на крајна потрошувачка и за енергетски услуги,
- Директивата 2002/91/ЕС за енергетски карактеристики на градежни објекти,
- Директивата 92/75/ЕЕС за означување по пат на етикетирање и стандардни информации на производите за потрошувачката на енергија и други ресурси на апаратите за домаќинствата,
- Директивата 2004/8/ЕС за унапредување на комбинираното производство врз основа на побарувачката за корисна топлина на внатрешниот пазар на енергија и за измена и дополнување на Директивата 94/42/ЕЕС,
- Директива 2009/28/ЕС за промоција на употребата на енергија од обновливи извори и дополнување и последователно отповикување на Директивата 2001/77/ЕС и Директивата 2003/30/ЕС.
- Директива 2009/125/ЕС за воспотавување на рамка за утврдување на екодизајнирањето на енергетските производи,

- Директива 2003/30/ЕС за промоција на користење на биогорива и други горива за транспорт.
- Директива 2000/55/ЕС за барања за енергетска ефикасност на придушници за флуоресцентно осветлување.

4. **Кои се влијанијата што можат да произлезат од секое од можните решенија и кој е засегнат? Кои влијанија може да бараат дополнителни анализи (листа на влијанија е дефинирана во упатството)?**

нема

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни? Кои дополнителни информации треба да се соберат? Како би се направило тоа (со внатрешни ресурси или пак со ангажирање надворешен консултант) и до кога? Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

Во овој момент Министерството за економија - Сектор за енергетика располага со сите неопходни информации во однос на актите на ЕУ кои е потребно да се транспонираат, се имаат во предвид и обврските согласно Договорот за основање на енергетската заедница, бидејќи како идна членка на Европската Унија Република Македонија треба да овозможи сигурно безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари ан Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари; зголемување на енергетската ефикасност и искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни области на енергетиката.

2. **Кои се заинтересираните страни и експертите кои ќе бидат консултирани, како и во која фаза ќе бидат вклучени во процесот? Кога и Како?**

Во однос на согледувањето на потребата од донесување на нова правна рамка за енергетиката во Република Македонија, обезбедена беше техничка помош од страна на УСАИД. Самиот Предлог закон за енергетика (работна верзија и предлог) е предмет на консултација и со Кабинетот на Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолежен за економски прашања и координација на економските ресори, , Кабинетот на заменик претседателот и министер за финансии, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, Агенција

за енергетика на Република Македонија, АД ЕЛектрани на Македонија, АД МЕПСО, АД ЕВН Македонија, АД ТЕЦ Неготино, АД ГА-МА, АД ОКТА Скопје, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје и други. Во текот на изготвување на предлог законот за енергетика беа консултирани и експерти од Секретаријатот на енергетската заедница. Предлог законот за енергетика ќе биде даден на разгледување и на стопанските комори во Република Македонија

3. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата?**

Предлог законот се работи во рамки на НПАА работна група 15 во рамките на која членуваат претставници од речиси систе институции наведени погоре.

<u>Образец бр. 2</u>

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на политичкиот контекст на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Политички контекст на проблемите**

*Договорот за основање на енергетска заедница* помеѓу земјите потписнички на Атинските меморандуми е потпишан на 25.10.2005 година. Договорот е ратификуван од седум земји потписници, според кое стапи на сила на 01.07.2006 година. Договорот претставува правно обврзувачки документ кој на определбите од Меморандумите им даде значење на законска обврска .

Со Договорот потписничките страни формираат Енергетска заедница која ќе ги организира односите помеѓу потписниците така, што ќе создаде единствена правна и регулаторна рамка за пазарите на енергија која се транспортира во поврзани енергетски мрежи (електрична енергија и природен гас). Енергетската заедница ќе ги спроведе соодветната легислатива, принципите на работа и политиките на Европската заедница, водејќи притоа сметка и за специфичните околности кај секоја од страните. Овој Договор се карактеризира со: (1) афирмација на евроинтеграцискиот процес во енергетскиот сектор со воведување на соодветни одредби од Договорите со кои е формирана Европската Унија и Енергетските директиви на Европската Комисија и Советот; и (2) воведување на постојана административна структура на Заедницата и процедури помеѓу институциите на Заедницата и земјите учеснички во процесот на донесување и спроведување мерки.

Основните цели на Договорот се: (1) формирање на интегрирани пазари на електрична енергија и природен гас во Југоисточна Европа, кои ќе функционираат според принципите и правилата применливи во рамки на пазарите во Европската Унија, со цел за идно интегрирање; (2) овозможување на стабилно, постојано и економично снабдување со енергија, како услуга од јавен интерес, од системите и изворите во соседството и висок ниво на пристап до таа енергија за сите потрошувачи; (3) создавање единствена правна и регулаторна рамка и стабилни пазарни односи за трговија со електрична енергија и природен гас на целиот простор во регионот со цел да се привлечат потребните инвестиции од приватниот сектор и да се создадат услови за одржлив развој; (4) развивање на конкуренцијата и ликвидноста на овие пазари и искористување на економијата на обем; и (5) подобрување на општата состојба на животната средина, енергетската ефикасност и социјалните услови во општеството кај земјите членки на Заедницата.

Обврските кои Република Македонија со потпишувањето на Договорот прифати да ги спроведе во секторот за електрична енергија и природен гас произлегуваат од определбите во Договорот кои се однесуваат на следното:

- вградување на правната рамка (“Acquiss communautaire”) на Европската Унија за енергетиката, животната средина, конкуренцијата и обновливите извори, прилагодена на институционалната рамка на Енергетската Заедница и на специфичните услови на секоја од земјите членки, при што правната рамка се однесува на секторите за електрична енергија и природен гас. Покрај останатото, ова се однесува на следните конкретни обврски: (1) исклучен е секаков вид

дискриминација во односите помеѓу одделните членки на Заедницата; (2) примената на Енергетските директиви во стопанството ќе стане обврска дванаесет месеци по стапувањето на сила на Договорот; (3) ќе бидат забранети сите договори, одлуки и практика кои ја спречуваат, ограничуваат или ја нарушуваат конкуренцијата, кои овозможуваат злоупотреба на доминантна позиција на пазарот, или обезбедуваат државна помош која дава предност на одредени субјекти или производи на пазарот; (4) ќе се реализира временски определен процес за издвојување и воведување во употреба на соодветните техничките стандарди; (5) ќе се изградат и прифатат конкретни обврски за имплементација на соодветните Директиви кои се однесуваат на заштитата на животната средина;

- воспоставување на единствена регулаторна рамка за пазарите на електрична енергија и природен гас и заеднички механизми за преку граничен пренос, што се одразува преку обврската за: (1) определување и објавување на декларација за политиката на обезбедување и диверзификација во снабдувањето со примарни горива; (2) преземање мерки за зголемување на достапноста и стандардите во снабдувањето на потрошувачите со електрична енергија и природен гас како јавна услуга, подобрување на нивото на наплатата и прифатливоста на цените; (3) усогласување на моделите на пазарите, заемно признавање на лиценците и олеснување на условите за основање компании; (4) преземање мерки за зголемено користење на обновливите извори, енергетската ефикасност, подобрена заштита на животната средина и рамномерен регионален развој; (5) изградба на механизми за заштита на заедничкиот пазар во случај на кризни ситуации, времени мерки и нарушувања од поедини членки;
- изградбата на заеднички пазари на електрична енергија и природен гас, што се одразува во: (1) забрана на сите давачки и квантитативни ограничувања на увозот и извозот на електрична енергија и природен гас и мерки со еквивалентен ефект, освен во определени случаи на исполнување на јавен интерес и заштита на животите и имотот; (2) воведување мерки за изградба на единствен пазар без внатрешни граници; (3) воведување заеднички мерки за регулирање на трговските односи на земјите членки на Заедницата со трети страни; (4) воведување на обврска и механизам за заемна помош во случај на ненадеен прекин на снабдувањето на некоја од земјите членки; (5) прифаќање на обврската за отворање на слободниот пазар на електрична енергија и природен гас (квалификација на потрошувачите за слободен избор на сопствен снабдувач)

## 2. Опис на целите што ќе се остварат со донесување на законот

Целта на предлог на Законот за енергетика е негово натамошно усогласување со Европското законодавство во областа на енергетиката, односно со Директивите и Регулативите на ЕУ, кои се основни елементи од правната рамка на Договорот за основање на енергетска заедница, со крајна цел за натамошна либерализација на пазарите на енергија и создавање услови за стабилен и одржлив енергетски сектор:Меѓу најзначајните измени во предлог Законот се следните:

- надградба на моделот на пазарот на електрична енергија со цел воведување на нови форми на тргување со енергија и реална платформа за конкуренција на пазарот на електрична енергија, зголемување на транспарентноста, и слободно движење на енергијата во склад со Директивите и Договорот,

- еднаква позиција и фер третман на сите учесници на пазарот за електрична енергија, во согласност со Договорот и Директивите,
- дополнување и прецизирање на одредбите што се однесуваат на непречен пристап на трети страни до енергетските мрежи, вклучително и аспектите кои се однесуваат на прекугранична размена на енергија и доделување и користење на прекуграничните преносни капацитети,
- допрецизирање и дополнувања на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ), особено во делот за мониторинг на пазарот и на условите за прекугранична размена на енергија и јавност на информациите и контролата во работата на регулираните компании,
- ќе се создадат услови за целосно отварање на пазарот на електрична енергија и природен гас во согласност со обврските што произлегуваат од Директивата 2003/54 и Анексот I на Договорот,
- допрецизирање на обврските на регулираните компании во енергетскиот сектор особено во делот на јасно разграничување на регулираните и нерегулираните активности,
- допрецизирање и дополнување на прввата и обврските на операторот на преносниот систем и операторите на дистрибутивните системи, производителите на енергија, трговците и снабдувачите со енергија за крајните купувачи,
- допрецизирање на критериумите и обврските за јавна услуга, квалитет на снабдувањето со енергија и заштита на крајните купувачи на енергија,
- измени во делот на постапките за авторизација за изградба на енергетски објекти,
- допрецизирање на некои одредби, поедноставување на процедурите и дефинирање на стратешка рамка и обврски на енергетските субјекти за изградба и користење на обновливи извори на енергија, заштита на животната средина и климата и за воведување на методи на енергетската ефикасност,
- соодветни измени во надлежностите и обврските на регулираните компании во енергетскиот сектор,
- соодветно усогласување во делот на дефинициите.

3. **Идентификација на можни решенија (опции):** Единствено решение е усвојување на предлог-законот

4. **Оценка на ефектите од постигнатите резултати**

Усогласено законодавството на Р.М со ЕУ и приклучување на пазарите на енергија на РМ во регионалните пазари.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Нема

1. **Трошоци и фискални импликации за решението**[1]

| 11.Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| A. Вкупни трошоци за предлогот: | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средства за предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |

[1] Во предлог законот за енергетика се предвидува Владата на Република АМкедонија да носи годишна програма за субвенционирање на дел од потрошувачката ан енергија за одредени категории на граѓани. Исто така се предвидува финансирањето ан Второстепената комсија за енергетика да биде од Буџетот на Република Македонија како и да се формира Комсија за спроведување на постапка за доделување на овластување за изградба на објекти и Комсија за спроведување на тендерска постапка за изградба на енергетски објекти кои ќе добиваат месечен надоместок за извршената работа. Исто така се предвидува Комисијата за спроведување на стручен испит за ракување со енергетски уреди и постројки да добива надоместок. .

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>___________________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12.Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | Нема, | | | |
| 14.Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | | | | |
| 15.Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16.Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17.Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 22.Одобрено/дата:<br><br>_______________<br>ржавен секретар | __/__/______<br>Ден /месец /год. | Фатмир Бесими, Министер за економија<br>_____________________<br>Потпис на министерот | ___/___<br>___/___<br>_<br><br>Ден / месец / год. | |

А. Вкупни трошоци за предлогот наменети за регистарот:

Нема

**Б.Одобрени средства за предлогот**

Нема фискални импликации

2. **Придобивки**

| **Годишни финансиски придобивки** | (Во илјади денари) |
|---|---|
| **А)** Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | 0 |
| **Б)** Просечни годишни придобивки (без еднократните) | 0 |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | 0 |

3. **Ризици и претпоставки**

Нема

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

5. **Резиме на трошоци, придобивки и влијанија за оваа опција**

Усогласување со правото на Европската Унија.

**Чекор 3: Консултации**
Министерство за финансии
Секретаријат за европски прашања,
Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за транспорт и врски,
Министерство за труд и социјална политика,
Министерство за правда
Државен инспекторат за техничка инспекција
Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија,
Агенција за енергетика на Република Македонија
АД Електрани на Македонија,
АД МЕПСО,
АД ЕВН Македонија,
АД ТЕЦ Неготино,
АД ГА-МА,
Топлификација АД Скопје
ОКТА АД Скопје,
Макпетрол АД
Секретаријат на енергетска заедница

**Чекор 4: Спроведување на предложеното решение и негово правно усогласување**

Предложеното решение е спроводливо од денот на стапување на сила на Законот за енергетика. Со Законот за енергетика се предвидени и преодни одредби за дел од предложените решенија преку исполнување на одредени активности, односно носење на подзаконски акти.

**Чекор 5: Проверка / рецензија на решението**

Решението е усогласувано со експерти од Секретаријатот на енергетската заедница. Во текот на владината процедура ќе се побара и мислење од Европската комисија.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | | |
| Лице за контакт: | Шпетим Нуредини | | |
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА | | |
| Верзија: | Финална верзија | Датум: Датум: 30.09.2010 | |
| Поврзани материјали / документи: | нема | | |

1. **Предлог текст за заклучок на Владата на Република Македонија:**

Се усвојува текстот на предлог-законот за енергетика.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на предлогот за донесување на закон и негово усогласување:**

Шпетим Нуредини, државен советник за енергетика и минерални суровини,
Виолета Кецкаровска, раководител на Сектор за енергетика,
Валентина Страделова, помошник раководител на сектор за енергетика,
Елена Колевска, раковидител на одделение за анализа и развој на енергетиката во Сектор за енергетика,
Андон Киров, советник за развој во областа на енергетиката во Сектор за енергетика,
Милица Карафилоска, помлад соработник за обновливи извори на енергија во Сектор за енергетика,
Магдалена Билбиловска, помлад соработник за анализа и развој за енергетика во Сектор за енергетика.

**Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлогот за донесување на закон во Собранието на Република Македонија:**

Шпетим Нуредини, државен советник за енергетика и минерални суровини,
Виолета Кецкаровска, раководител на Сектор за енергетика,
Министерство за економија

3. **Текстот на предлогот за донесување на закон и проценката на влијанија на регулативата смее да се објави во Единствениот електронски регистар на прописи:** ДА

4. **Објаснување на причините доколку се бара донесување на законот по итна постапка:** редовна постапка

5. **Краток осврт на предложениот материјал:**

Со предложениот Предлог закон се врши усогласување со Директивите и Регулативите на Европската унија во делот на енергетиката.

6. **Резиме на можни решенија/опции и нивни клучни влијанија:** Унапредување на правна рамка за функционирање на енергетскиот сектор во Република Македонија.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 30.000.000 денари во тековната и 100.000.000 денари во наредните 3 години. |
| 2. | Има влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Има влијание | Ограничена врз економијата во однос на деловното окружување, со воведување нови правни субјекти на пазарот |
| 5.) | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6.) | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |